Валериј СОФРОНИЕВСКИ
Бобан ПЕТРОВСКИ

# СИНОДАЛНИОТ АКТ NO. 94 ОД ЗБИРКАТА НА ХОМАТИЈАН КАКО ИЗВОР ЗА ИСТОРИЈАТА НА ПОЛОГ

Нашиот интерес насочен кон локалната историја на Полог, погледната низ призмата на Хоматијановите документи, досега го преточивме во обработка на синодалните акти означени како No. 58 и No. 103[1], најавувајќи одделна посветеност на протоколот No. 94. Последниов, во научната јавност досега предизвикал маргинален интерес, кој резултирал само со негов парцијален и/или сумарен превод и, аналогно на тоа, соодветни коментари[2]. Во тој контекст, предметот на нашиот интерес во овој труд го детерминираме токму со целосното преведување[3], опсежна анализа и коментирање на податоците во преостанатиот трет документ од „Ponemata diaphora“ кој содржи податоци за полошкото минато[4*].

ϙδʹ

*„Οτι τὰ οὐκ ἐξ εὐλόγου, ἀλλ᾽ ἐκ μεμολυσμένης αἰτίας τὴν ἀρχὴν τῆς νομῆς δεξάμενα σὺν πονήμασι καὶ οἰκοδομαῖς εἰς τοὺς δεσπότας ἀποκαθίστανται*

**1** *Καλῶς ὁ νόμος τὰς ἐκ μεμολυσμένης αἰτίας διακατοχὰς ἀστηρίκτους μένειν διακελεύεται, οἷα εὐσεβεῖ τρόπῳ βουλόμενος μὴ λαμβάνειν χώραν τὴν ἀδικίαν καὶ τὸ καταδυνα-*

---

[1] В.Софрониевски-Б.Петровски, Документите No. 58 и No. 103, 201-226.

[2] Документот No. 94 во 1922 година сосема делумно е преведен и нецелосно издаден од П.Ников (Материяли, 8, 16-17); во 1947 година бил засегнат во истражувањата на Д.Ангелов (Принос, 10, 12, 20, 21, 38); во 1981 година овој синодален протокол беше предмет на делумно преведување и парцијална анализа од Ф.Баришиќ и Б.Ферјанчиќ (Вести, 44-56); во 1996 година на содржината на истиот упатил Т.Томоски, Записи за Другувитите, Македонија, 481-482; во критичкото издание на овој акт од Г.Принцинг во 2002 година (Ponemata diaphora, 316-317), понуден е сумарен превод (192*-193*) и генерални коментари (30* и бел. 132, 273*, 274*, 283*, 289*, 297*); неговата содржина е парафразирана и од М.Бошкоски во 2003 година (Имињата Македонија и Македонци, 148-149).

[3] При изработката на преводот го користиме неговото неодамнешно критичко издание изработено од Г.Принцинг (Ponemata diaphora, 316-317), споредено со она приредено од кардиналот Питра (J.B.Pitra, Analecta Sacra VI, No. 94, 409-412).

[4*] Заради рационализација на отстапениот простор и, воедно, избегнување на репетиции, во продолжение на текстот, по потреба преземаме дел од заклучоците до кои дојдовме анализирајќи ги документите No. 58 и No. 103, со што, овој наш труд претставува еден вид продолжение на оној понуден во ГЗФФ (58) 2005.

*στεύειν τῶν ἀδυνάτων τοὺς ἰσχυρούς. Τοιαύτη τοίνυν ὑπόθεσις παρὰ τῷ δεσποτικῷ ἀρχιεπισκοπικῷ θείῳ δικαστηρίῳ ἐδοκιμάσθη τὴν σήμερον.*

2 *Ὁ γὰρ ἀπὸ τοῦ „Ανω Πολόγου ὁρμώμενος καὶ ἐν τῇ σεβασμίᾳ μονῇ τῆς ὑπεραγίας δεσποίνης ἡμῶν Θεοτόκου τῇ ἐν Κτεατόβῃ ἀσκούμενος μοναχὸς Γεράσιμος μετὰ τοῦ παρ' αὐτοῦ ἐναγομένου καὶ ἐκεῖθεν ὁρμωμένου καὶ ἐν τῷ χορίῳ Βανίστῃ οἰκοῦντος Δόβρου ἱερέως τῷ παναγιωτάτῳ ἡμῶν δεσπότῃ, τῷ ἀρχιεπισκόπῳ πάσης Βουλγαρίας, παραστάς, κατὰ τοῦ τοιούτου ἱερέως ἐνῆγε λέγων·*

3 *Ὡς ὁ ἀποιχόμενος πενθερὸς αὐτοῦ, ἱερεὺς ὁ Μόσχος, τοῦ εἰρημένου χωρίου ἐξάρχων καὶ τῇ ἀρχῇ βαρείᾳ χρώμενος καὶ τοὺς ἐκεῖσε κατοίκους πιέζων, φθάνει τρόπῳ τοιούτῳ καὶ τὸν πενθερὸν τοῦ διαληφθέντος Γερασίμου τὸν Δράζην συσφίγξας καὶ τόπον ἐκ γονικοῦ δικαίου ἐκείνῳ διαφέροντα κατασχὼν καὶ εἰς ἀμπελῶνα καταφυτεύσας. Ἐπειδὴ ὀψέ ποτε καιροῦ δραξάμενος ὁ τοιοῦτος Δράζης ἐξελάλησε τὴν ἀδικίαν καὶ εἰς δικαστήριον τὸν ἀδικήσαντα εἵλκυσε, δίκαιος ἐγνώσθη λαβεῖν παρὰ τοῦ ἀντιδίκου αὐτοῦ τοῦ Μόσχου ἀνθέτερον τόπιον, ὃ δὴ καὶ ἔλαβε μετρηθὲν πρὸς ἰσότητα τοῦ οἰκείου καὶ τούτῳ παραδοθέν· ἐνεμήθη δὲ τοῦτο καὶ ἐπὶ τρισὶν ἔτεσιν, πλέον ἢ ἔλαττον.*

*Ἀλλ' ὁ δυνάστης, τὴν ἀδικίαν ἀεὶ ἀσπαζόμενος, τοῖς κεκριμένοις οὐκ ἐφησύχασε, καιροῦ δὲ τυχὼν τῷ τούτου τρόπῳ προσήκοντος, ὅτε δηλονότι καὶ τῆς τοῦ Πολόγου χώρας ἡ Δρουγουβιτικὴ κατεχόρευσεν ἐξουσία, τὸ ἀντιδοθέν, ὡς εἴρηται, τόπιον μεθείλκυσεν αὖθις εἰς ἑαυτόν. Ἐκείνου δὲ τοῦ πλεονέκτου πονηρῷ θανάτῳ τὴν ζωὴν ἐκμετρήσαντος, μετῆλθεν εἰς τὸν ἐκείνου διάδοχον τὸν ἀναγεγραμμένον ἱερέα Δόβρον ἡ τοῦ τοιούτου τοπίου κατοχὴ καὶ νομή. Νῦν οὖν τῶν πραγμάτων εἰς τὸ καθεστὸς ἐπανελθόντων, νεύσει Θεοῦ, δικαιοῦσθαι ἔλεγεν οἴεσθαι ὁ Γεράσιμος εἰς τὸ ἐκνικῆσαι τόπιον. Ἀλλ' ὁ μὲν ταῦτα προέθετο.*

4 *Ὁ ἱερεὺς δὲ Δόβρος, σαφῶς εἰδὼς τὰ τοῦ πράγματος καὶ μὴ θέλων πιθανολογίαις τισὶ καὶ ἀπάταις τὴν ἀλήθειαν κρύπτειν, τὰ ἀπ' ἀρχῆς ἄχρι τέλους παρὰ τοῦ μοναχοῦ Γερασίμου προτεθέντα οὕτως ἔχειν καθωμολόγει καὶ ὅτι ἡ γεγονυῖα κρίσις μέσον τῶν πενθερῶν ἀμφοτέρων τὸν τοῦ Γερασίμου πενθερὸν ἐδικαίωσεν εἰς τὸ λαβεῖν παρὰ τοῦ ἀντιδίκου αὐτοῦ τόπον ἀνθέτερον.*

5 *„Οτι τοίνυν ὁμαλῶς ἀμφοτέροις τοῖς μέρεσιν ἡ δίκη ἐχώρησε καὶ εὑρέθη ὁ μοναχὸς Γεράσιμος δίκην ἔχων εἰς τὴν τοῦ διαληφθέντος τοπίου κατάσχεσιν, ἐκρίθη παρὰ τῆς δεσποτικῆς θείας μεγαλειότητος, τὸν μὲν ἱερέα Δόβρον παραχωρῆσαι τοῦ τοιούτου τοπίου τῷ μοναχῷ, αὐτὸν δὲ ἀποσχέσθαι τοῦ λοιποῦ τοῦ μήτε τὸ τοιοῦτον τόπιον ὡς γονικῷ τινὶ δικαίῳ διαφέρον τούτῳ ἀνακαλεῖσθαι μήτε τῷ μοναχῷ Γερασίμῳ χάριν αὐτοῦ ἐπιφύεσθαι, οἷα μηδέν τι ἐν τούτῳ δίκαιον ἔχοντα.*

*Ἐπεὶ δὲ ὁ ἱερεὺς Δόβρος ἐκ μέρους εἰς τὸ τοιοῦτον τόπιον ἐφύτευσε κλήματα, ὡς ἀρξάμενος ⟨εἰς⟩ ἀμπελῶνα τοῦτο ἀποκαταστῆσαι, οὐκ ὀφείλει οὗτος τὸ ἀπὸ τοῦδε ποιεῖσθαι λόγον τινὰ περὶ τῆς τοιαύτης φυτείας ὡς δῆθεν διαφερούσης τῷ κόπῳ αὐτοῦ. Ἐπεὶ γὰρ οὐκ ἐξ εὐλόγου, ἀλλ' ἐκ μεμολυσμένης αἰτίας τὸ τοιοῦτον κατέχων ἐτύγχανε τόπιον, ἄρα καὶ τὸ πόνημα τούτου σὺν αὐτῷ τῷ τοποθεσίῳ[5] εἰς τὴν δικαιουμένην ἐν αὐτῷ δεσποτείαν καθυπαχθήσεται (καὶ νόμιμος γάρ ἐστι κανὼν διαγορεύων εἴκειν τὰ ἐπικείμενα τοῖς ὑποκειμένοις), ὅταν δηλαδὴ ἐπ' ἀλλοτρίοις τόποις πόνους εἴη κατβαλλόμενος.*

[5] Формата од оваа именка во машки род (како што е овде) не е евидентирана ниту во LSJ, ниту кај Lampe; кај нив именката ја среќаваме исклучиво во женски род: *τοποθεσία, ἡ*.

No. 94

Оти, нештата кои, не со благослов, туку со скверна причина на почетокот од сопственоста се примени, со труд и упорност се враќаат кај господарите

**1**. Законот добро препорачува да останат неутврдени[6] сопственостите[7] добиени со скверна причина, бидејќи благочестиво посакува да не зазема неправдата простор, па силниците да ги тиранизираат немоќните. Е, таков, значи, предмет беше претресен денеска во владичкиот свет архиепископски суд.

**2.** Имено, еден човек, по потекло од Горен Полог, кој се подвизува во почитуваниот манастир на пресвета владичица наша Богородица во Ктеатово, монах Герасим, водејќи со себе друг човек, кој е оттаму по потекло, а кој живее во селото Ванисте, свештеник Добре, пристапи пред пресветиот наш владика, архиепископот на цела Бугарија, и почна да изнесува обвиненија против тој свештеник, велејќи, дека:

**3**. Додека починатиот дедо негов,[8] свештеникот Моше (Мосхо), управувал со споменатото село практикувајќи строга власт и угнетувајќи ги тамошните жители, стасал на таков начин да го притисне и дедото[9] на споменатиот Герасим, Дража, да узурпира земјиште, од легална, прататковска сопственост, што на оној му припаѓало, и да го засади со лозје. Подоцна, кога, тој Дража, начекал згоден момент, ја кажал неправдата и сторителот на неправдата го одвлечкал пред суд; му било праведно пресудено - да земе од противникот негов во спорот, од Моше (Мосхо), друго наместо тоа земјиште, коешто, откако било измерено во иста големина со неговото сопствено и откако му било предадено, навистина и го зел; а бил о тоа задржано во поседување[10] за време од три години, повеќе или помалку.

Но, силникот, кој секогаш ја милува неправдата, не се помирил со пресудата, туку, кога начекал згоден момент, што му одговарал на карактерот, очигледно кога и другувитската надмоќ заигра во триумф над земјата во Полог, даденото во замена, како беше кажано, земјиште, си го присвоил пак за себе. Но, откако оној саможивник го завршил животот со опачна смрт, сопственоста и поседувањето на тоа земјиште преминало во рацете на неговиот наследник, споменатиот свештеник Добре. Но сега, откако, со божја наклоност, работите се вратија на свое место[11], Герасим вели дека мисли оти е оправдано да му го преземе земјиштето. Ете, овој тоа го изложи.

**4.** А свештеникот Добре, кој јасно ги знаеше нештата во врска со оваа работа и не сакаше со некакви софизми и лукавштини да ја прикрива висти-

[6] Недефинирани докрај по однос на нивната припадност.
[7] Т.е. bonorum possessiones, поседувањата на имотот.
[8] Тест на Добре.
[9] Тестот.
[10] Од страна на Дража.
[11] Т.е. се смирија, се средија.

ната, се согласи дека е така, од почеток до крај, сето како што беше изложено од монахот Герасим и дека судењето што се случило меѓу двајцата нивни дедовци, му дало право на дедото на Герасим да земе од неговиот противник во спорот друго наместо тоа земјиште.

**5.** Е сега, оти на обете страни правдата лесно се постигна и се најде дека монахот Герасим има право за поседување на споменатото земјиште, од страна на светото владичко величие беше пресудено следното: свештеникот Добре да отстапи од земјиштето на монахот, а самиот тој[12] во иднина да се откаже да се повикува на тоа земјиште, како да му припаѓа[13], како на некој легален наследник, и, да не го напаѓа монахот Герасим заради него,[14] зашто во тоа нема ништо праведно.

А бидејќи свештеникот Добре на еден дел од тоа земјиште беше засадил младици, кога почнал лозје да го прави, тој не треба отсега да се впушта во некаква расправа за тој насад, како, божем, му припаѓа на неговата мака и труд. Та, бидејќи не со благослов, туку со скверна причина се случило да го поседува тоа земјиште, тогаш, и трудот негов, заедно со распоредот на земјиштето, има да се потчини на пресуденото сопственичко право врз него (та и законски е бидејќи канонот повела *наложениѿе нешѿа да им се оѿсѿайаѿ на йодложниѿе*), кога веќе, очигледно, врз туѓи земјишта тој маки си положувал.

Овој синодален акт, и покрај тоа што е со правничка содржина, понудува извонредно значајни информации за минатото на Полог во првите децении на XIII век. Анализата на истиот разоткрива некои аспекти од правната, политичката, црковната, административно-судската и социо-економската историја на Областа-погледнати низ призмата на Горнополошкото село Ванисте-Баница (*ἐν τῷ χορίῳ* Βανίστῃ)[15], предочувајќи ни́ на тој начин податоци преку кои може да се проникне во битисувањето на полошкото население. Преку овие добиени сознанија, компарирани со одделни лексички фрази употребени во самите документи, возможно е да се одреди 1216/1217 година, кога Димитриј Хоматијан дошол на постот Охридски архиепископ, како terminus post quem за настанувањето на овој протокол, на што, во продолжение најпрво се осврнуваме.

Документот до неодамна во историографијата се датираше во временскиот период 1214-1217 година, при што, како репер се земало времето по смртта на благородникот Стрез, а пред доаѓањето на Димитриј Хоматијан на чело на Охридската архиепископија. Имено, уште Д. Ангелов, без да даде некое образложение, сметал дека протоколот настанал пред 1215 година[16]. Поде-

---

[12] Добре.

[13] А, всушност, не му припаѓа.

[14] Заради дедото Моше (Мосхо).

[15] На тоа дека под лексемата „*Βανίστῃ*" се крие горнополошкото село Баница укажа уште Р.М.Грујиќ, Полошко-тетовска епархија, 45. Сп. и Ф.Баришиќ-Б.Ферјанчиќ, Вести, 47 и бел. 24; Т.Томоски, Записи за Другувитите, Македонија, 482.

[16] Д.Ангелов, Принос, 38. Во поново време и М.Бошкоски, Имињата Македонија и Македонци, 148.

тално на неговото датирање се осврнале Ф.Баришиќ и Б.Ферјанчиќ, кои, анализирајќи го концептот на документот и негово компарирање со неколку други акти од Хоматијановата збирка, дошле до заклучок дека истиот најверојатно настанал пред 1217 година, односно во периодот додека Хоматијан сè уште бил на постот охридски хартофилакс[17].

Но, во неодамнешното критичко издание на Хоматијановата збирка, приредено од страна на Г.Принцинг, авторот го датира овој синодален акт во времето на архиепископувањето на Димитриј Хоматијан[18]. Нашиот придонес кон датирањето на овој документ, согласно направените анализи на истиот, оди во насока на поткрепување на искажаното мислење на Г.Принцинг со понудување дополнителни аргументи. Тоа го постигнуваме најпрво преку разгледување на употребената фраза за личноста која претседавала со синодалниот суд, а потоа, нејзино компарирање со таквите формулации во еден од двата други документи кои се однесуваат на Полог, имено синодалниот протокол No. 103, за кој, исто така сметаме дека настанал по 1216/1217 година[19].

Во почетниот прв параграф на документот No. 94 запишана е формулација според која обвинението било изнесено „*παρὰ τῷ δεσποτικῷ ἀρχιεπισκοπικῷ θείῳ δικαστηρίῳ*“[20] (пред владичкиот свет архиепископски суд). Неспоменувањето на архиепископот, наспроти наведувањето на архиепископскиот суд, би можело да се сфати и како разгледување на тужбата од страна на синодалниот суд со кој не претседавал архиепископот, туку некоја од него овластена личност, најверојатно хартофилакс. Но, во натамошниот текст на синодалниот протокол на два пати има експлицитно сведоштво дека во донесувањето на пресудата учествувал архиепископот: во првиот случај, во второт параграф кога се наведува дека монахот Герасим „*τῷ παναγιωτάτῳ ἡμῶν δεσπότῃ, τῷ ἀρχιεπισκόπῳ πάσης Βουλγαρίας*“ (откако пристапи пред пресветиот наш владика, архиепископот на цела Бугарија) го обвинил свештеникот Добре; вториот случај, во петтиот параграф кога се говори дека за монахот Герасим била изнајдена правдата „*ἐκρίθη παρὰ τῆς δεσποτικῆς θείας μεγαλειότητος*“ (беше одлучено од светото владичко величие)[21].

Ваквите фрази упатуваат на тоа дека синодалниот суд сепак бил раководен лично од архиепископот. При утврдувањето на личноста која се крие зад функцијата охридски архиепископ пред кого е изнесена тужбата на монахот Герасим, со што ќе може да понудиме временски репер за настанување на овој синодален протокол, се послужуваме со формулациите за именување-

---

[17] Ф.Баришић-Б.Ферјанчић, Вести, 47 и бел. 23.

[18] Ponemata diaphora, 192*-193*, 289*, каде Г.Принцинг посочува дека документот настанал набргу по 1219/1220 година.

[19] В.Софрониевски-Б.Петровски, Документите No. 58 и No. 103, 217, 219.

[20] Ponemata diaphora, No. 94, 316, 7-8.

[21] Исто, No. 94: 316, 12-13; 317, 42. Според парцијалните истражувања на писмата од Хоматијановата збирка, изведени од страна на А.Поповиќ (Титуле Димитрија Хоматијана, 279-284), кој патем, воопшто не се осврнал на третираново писмо, ваквиот тип на формулации соодветствувале на времето кога Хоматијан ја извршувал функцијата хартофилакс (н.д. 281).

то на телото пред кое биле изнесени обвиненијата во документот No. 103: најпрво се наведува дека призренецот Василиј-наречен Добрешин, го изнел своето обвинение *„τῷ παναγιωτάτῳ ἡμῶν δεσπότῃ καὶ αὐθέντῃ, τῷ ἀρχιεπισκόπῳ πάσης Βουλγαρίας“*[22] (пред пресветиот наш владика и суверен, архиепископот на цела Бугарија); во вториот случај, се наведува дека исказите на сведоците и изнесените документи биле ценети од *„τῆς δεσποτικῆς θείας μεγαλειότητος“*[23] (светото владичко величие).

Забележлива е очигледната блискост на понудените формулации во двата синодални акта (разликата е единствено во тоа што во No. 103 нема споменување на судско тело, туку само неименувана личност-како и во No. 94), при што, во посочувањето на личноста пред која биле изнесени тужбите на полошките жители, употребени се безмалку идентични фрази (исклучок е додадената лексема суверен (*αὐθέντῃ*) кон архиепископската титула во документот No. 103, која воопшто не ја менува конструкцијата на самата фраза)[24]. Овој компаративен пристап, во комбинација со утврдениот terminus post quem 1216/1217 година за настанување на протоколот No. 103, ни овозможува констатација, според која, архиепископот кој претседавал со синодалниот суд засведочен во актот No. 94, бил Димитриј Хоматијан.

Погледнато од правна перспектива, слично како актот No. 58 и ова синодално решение говори за врховната судска надлежност на охридскиот архиепископски суд во Полог[25]. Воедно, на тој начин ни е предочен црковниот аспект, кој, исто како и во синодалниот протокол No. 58, оди во насока на потврдување на јурисдикцијата на Охридската архиепископија врз Полог[26], со самото тоа што Архиепископијата се огласила надлежна за решавање на недоразбирањата кои се појавувале помеѓу паствата во Областа.

Документот No. 94, имајќи како предмет имотно-правен спор од областа на граѓанското право, сведочи за тоа дека Охридската архиепископија донела извршна пресуда со прифаќање на барањата во тужбата со која монахот во манастирот Богородица во Ктеатово-Хтетово, Герасим, по потекло од Горен Полог, како наследник на имотот на својот тест Дража побарувал од свештеникот Добре, кој бил од горнополошкото село Баница, да му се врати бесправно узурпираната од неговиот тест Моше (Мосхо) земјишна парцела. Од образложението се дознава дека всушност станува збор за обновување на имотен спор, кој, претходно, додека биле живи, се водел меѓу Дража и Моше (Мосхо) за парцела земја, сопственост на тужителот, која била узурпирана од тужениот и дека била донесена пресуда во корист на подносителот на тужбата, по што, тужениот отстапил друга парцела бидејќи спорната веќе ја имал насадено со лозје. Најверојатно, за да му се одмазди, по околу три

---

[22] Исто, No. 103, 337, 3-4.

[23] Исто, No. 103, 337, 40.

[24] Различните мислења во историографијата околу временското утврдување на црковиата позиција на Хоматијан, согласно посочениве фрази, ги понудивме во В.Софрониевски-Б.Петровски, Документите No. 58 и No. 103, 201 (-202) бел. 1.

[25] Исто, 209-210.

[26] Исто, 210-211.

години, кога, со наметнување на власта на Другувитите во Полог тамошната политичка ситуација се изменила, Моше (Мосхо) ја запоседнал и таа парцела која останала во негово владение до крајот на животот, а по неговата смрт со истата располагал неговиот зет. Откако свештеникот Добре го потврдил исказот на монахот Герасим, синодалниот суд донел одлука тужениот да ја врати оваа парцела на тужителот и покрај тоа што Добре веќе започнал на неа да сади лозје[27].

Ваквата завршница на спорот, при што, донесената пресуда е врз основа на признанието на свештеникот Добре, со што, тој го признал тужбеното барање подигнато од монахот Герасим, се чини, во целост го оправдува отсуството на цитирани екскурси од одделни правни одредници во Василиките од страна на охридскиот архиепископски суд, кои, во документите No. 58 и No. 103 ги земавме како дополнителен респективен аргумент при одредувањето на terminus post/ante quem за нивното настанување[28]. Имено, признанието на тужбеното барање при оваа правна завршница, со што на тој начин лесно се стигнало до правдата (*ὁμαλῶς ἀμφοτέροις τοῖς μέρεσιν ἡ δίκη ἐχώρησε*), ја исклучува потребата од подетална базираност врз авторитетна правна подлога на образложенијата во донесувањето на конечната синодална одлука, задоволувајќи се само со генерално повикување на законот (Василиките), уште во почетокот на синодалниот акт и на канонот, во самата завршница на документот[29].

Компарирањето на содржината од текстот на синодалниот протокол со модерните историски сознанија, овозможува реконструирање на политичката историја на Полог во првите две декади од XIII век.

Започнуваме со податокот забележан во вториот дел од третиот параграф, каде се образложува синодалната одлука, при што, се наведува дека покојниот Моше (Мосхо) го искористил периодот кога власта на Другувитите се наметнала врз областа Полог за да ја присвои противправно парцелата, која, претходно по судски пат му ја имал отстапено на Дража како замена за одземената од него земја-тогаш веќе лозје. Во историографијата токму фразата за „наметнување на власта на Другувитите во Полог“ (*τῆς τοῦ Πολόγου χώρας ἡ Δρουγουβιτικὴ κατεχόρευσεν ἐξουσία*)[30] се доведува во врска со заземањето на Областа од страна на благородникот Стрез. Имено, според заклучоците од истражувањата на оваа проблематика до кои дошле еминентните Ф. Баришиќ и Б.Ферјанчиќ, посоченава Другувитска власт во Полог е идентична со „тиранијата на Другувитите“ (*τῆς Δρουγουβιτῶν τιραννίδος*) во Верија (Бер), засведочена во синодалното решение на Охридската архиепископи-

[27] Парничењето го регистрираат и Ф.Баришић-Б.Ферјанчић, Вести, 47-48.

[28] В.Софрониевски-Б.Петровски, Документите No. 58 и No. 103, 208-209, 217.

[29] Еден од главните аргументи на Ф.Баришиќ и Б.Ферјанчиќ, (Вести, 48 бел. 23) при одредувањето на временастанувањето на одредени синодални протоколи од Хоматијановата збирка е токму повикување/неповикување на Василиките во образложенијата на судската одлука.

[30] Ponemata diaphora, No. 94, 316, 27-28. Нејасно е зошто П.Ников (Материяли, 8) овој дел го преведува како наметнување на Другувитската власт врз Горен Полог.

ја означено како акт број 81 од времето на хартофилаксот Димитриј Хоматијан[31]. Наведениве истражувачи, аргументирано отфрлајќи ги дотогашните ставови во историогафијата за поистоветување на посочениве изрази од охридските синодални акти број 94 и 81 со бугарската власт (ἡ Βουλγαριτικὴ ἐξουσία)[32], претпоставуваат дека носител на „тиранијата на Другувитите“ во Верија бил обласниот господар Стрез, кој своја власт имал наметнато и во Полог, во изворот засведочена како Другувитска власт[33].

Во синодалниот акт No. 94 не се сретнуваат податоци преку кои би можело да се посочи времето на воспоставување на Стрезовата власт во Полог. Меѓутоа, согледувајќи ја воено-политичката ситуација на Балканот и Македонија во првата деценија на XIII век, согласно констатациите до кои дошла модерната историографија по одделни проблеми актуелни за овој временски период, се чини, истото може да се утврди. Имено, како резултат од превземениот воен поход во почетокот на летото 1203 година, бугарскиот владетел Калојан ги запоседнал византиските владенија на просторот запад-југозапад од Софија до Јужно Косово и Југозападна Македонија, освојувајќи ги градовите Скопје, Призрен, Охрид и Бер[34]. Иако во изворите нема експлицитна потврда дека при овие навлегувања на бугарските војски е освоен и Полог, заземањето на териториите во триаголникот Скопје[35]-Призрен[36]-Охрид, упатува на вбројување на Областа во рамките на новостекнатите бугарски територии[37]. Во составот на бугарската држава Полог останал до сре-

---

[31] Ф.Баришиќ-Б.Ферјанчиќ, Вести, 48. За синодалниот акт број 81, сп. Ponemata diaphora, No. 81, 274-283, а за употребенава фраза види стр. 276, 91. Без основа и осамено во науката е мислењето на Т.Живковиќ (Јужни Словени, 194-195 бел. 547) дека можеби оваа Хоматијанова фраза се однесува на бугарската држава во времето на Самоил.

[32] Д. Ангелов, Принос, 10, 12.

[33] Ф. Баришиќ - Б. Ферјанчиќ, Вести, 44-48. Нивните констатации се прифатени во модерната историографија, сп.: Р. Радиќ, Обласни господари, 230-231; К. Аџиевски, Пелагонија, 127 бел. 4; Т.Томоски, Записи за Другувитите, Македонија, 481-483.

[34] Од научната литература која се занимавала со ова прашање ги издвојуваме: К.Јиречек, Историја Срба I, 164 (заземени биле Призрен, Скопје, Охрид и Бер); В.Златарски, История III, 172 (презел од К.Јиречек); К.Аџиевски, Македонија и Латинското царство, 27 (освоена Северна и голем дел од Западна Македонија со градовите Скопје, Охрид и Бер).

[35] За бугарската власт во Скопје во 1205 година индиректно известува Никита Хонијат, кој, наведувајќи ја мотивацијата на господарот на Солун, Бонифациј Монфератски за одмазда кон Калојан, ја посочува неговата интенција да нападне на Скопје, сп. Choniates, 620, 55-58. Во поновата македонска историографија истото го регистрираат: Т.Томоски, Скопје, 59-60; К.Аџиевски, Македонија и Латинското царство, 32; ИМН I, 472 (Б.Панов).

[36] Потврда на бугарската власт во регионите на Скопје и Призрен наоѓаме и во изворните информации кои ја засегнуваат духовната сфера, сп. В.Софрониевски-Б.Петровски, Документите No. 58 и No. 103, 211, бел. 27.

[37] Размислите за потпаѓањето на Полог под власта на Бугарите, се чини, можат изворно да се осилат со податокот за воспоставената бугарска власт во селото Корита (Ἡ ἐν τῇ χώρᾳ τῶν Κορυτῶν) на Сува Гора, кое се наоѓало на самата граница на Скопската и Полошката област (селото припаѓа на Гостиварскиот крај, сп. V.Kravari, Villes et villages, 198). Станува збор за синодалното решение на Охридската архиепископија, означено како акт број 52 од времето на хартофилаксот Димитриј Хоматијан, по тужба на извесна Болеслава од Корита за враќање на нејзиниот имот продаден од сестрата на нејзиниот маж Мирослава за време на Болеславиното отсуство од селото. Притоа, во синодалното решение се споменува дека Мирослава го продала спорниот имот во

дината или втората половина на 1208 година, кога во Областа е регистиран нов управител. Имено, по смртта на Калојан во 1207 година, на бугарскиот трон се искачил Борил, по што, поради опасност од ликвидација, неговиот близок роднина Стрез-претендент за престолот[38]-пребегнал кај српскиот велики жупан Стефан, со чија помош набргу ќе успее да завладее во поголем дел од Македонија[39].

Погоден момент за воена пенетрација се појавил веќе од мај 1208 година кога започнале бугарско-латинските вооружени судири, кои кулминирале со катастрофален пораз на бугарскиот цар Борил во битката кај Филипопол во август истата година[40]. Се чини, во овој временски период, поради зафатеноста на Борил со Латините или пак најдоцна есента 1208 година заради незадоволството на управниците на тврдините во Македонија поради бугарските воени неуспеси, треба да се датира походот на Стрез и војските на жупанот Стефан во Македонија[41]. Во оваа воена акција биле завземени териториите по горниот и среден тек на Вардар, при што, највероjатно во тие денови бил освоен и Полог, по што, откако завладеал со поголем дел од Македонија Стрез го избрал за свое седиште реномираниот Просек[42].

време кога бугарската власт ги зазела ромејските области (*Τῆς ἐξουσίας δὲ τῶν Βουλγάρων τῶν Ῥομαικῶν χορῶν δραξαμένης*), како и тоа дека по враќањето на Болеслава во селото, таа протестирала за ова пред тамошниот бугарски управител (*τῷ τῶν Βουλγάρων ἀρχηγῷ*) и барала имотот да ѝ биде вратен (Ponemata diaphora, No. 52, 190-193. За овој документ и неговиот превод, сп. и: П.Никовъ Материяли, 6, 9-11; Ив.Снѣгаровъ, Брачното право II, 168-170. Види и Ф.Баришић-Б.Ферјанчић, Вести, 46 бел. 20. Датирајќи го овој синодален акт Д.Ангелов (Принос, 9, 13) погрешно го фиксира воспоставувањето на Калојановата власт во Македонија во 1205 година).

На промената на власта во Полог, се чини, упатуваат и дел од материјалните докази. Имено, откриеното депо од локалитетот Леска, јужно од ѕидините на Лешок, каде се пронајдени монети од императорите Мануил I Комнин (92 монети), Андроник I (3 монети), Исак II Ангел (76 монети) и Алексиј III Ангел (79 монети), сведочи за прекинатата византиска монетарна циркулација во Полог во 1203 година (Б.Алексова, Средновековни наоѓалишта, 222). Тезаврирањето на монетите упатува на претстојна опасност за населението во Полог, така што нивното депонирање би можело да се поврзе со бугарското настапување во Областа во рамките на Калојановиот поход преземен летото 1203 година.

[38] За степенот на нивната роднинска поврзаност во научната литература се уште се спори, сп. Р.Радић, Обласни господари, 224 бел. 3, кој ги дава постоечките мислења во историографијата за нивните роднински односи.

[39] Иако српските житија известуваат за побратимување на Стефан и Стрез (сп.: Теодосиј, Живот Светога Саве, 162-164, 166; Доментијан, Живот Светога Саве, 104), во поновата историографија речиси е општоприфатено мислењето дека благонаклониот став на српскиот жупан кон Стрез за своја позадина имал политички мотиви, сп.: Е.Савчева, Стрез, 75-76, 78; Р.Радић, Обласни господари, 225 и бел. 10; И.Божилов-В.Гюзелев, Средновековна България I, 470.

[40] За овие воени дејствија, подетално кај: А.Данчева-Василева, България и Латинската империя, 82-87; В.Златарски, История III, 274-277.

[41] За прифатливоста на хронолошката рамка мај-есен 1208 година за овој поход, види В.Софрониевски-Б.Петровски, Документите No. 58 и No. 103, 211, бел. 28.

[42] Според известувањата на Стефан Првовенчаниот понудени во биографијата за неговиот татко, последниов одзел, по што му предал на Стрез половина од Бугарското царство и го зацврстил во Просек, сп. Стефан Првовенчани, Живот Стефана Немање, 64. Кај Теодосие, пак, стои дека Стефан најпрво го вовел Стрез во Просек, па дури потоа последниов зазел и други градови, сп. Теодосиј, Живот Светога Саве, 163. За Просек види кај Choniates, 502, 12-503, 35. Спореди и: Е.Савчева, Стрез, 77; Р.Радић, Обласни господари, 198 бел. 17.

Евентуалното претходно воено насочување кон Македонија би требало да се отфрли поради очекувана реакција на Борил, при што, наместо походот против Латините во мај, би била изведена бугарска експедиција на запад за отстранување на Стрез и војските на великиот жупан Стефан од Македонија, за што во изворите нема известувања[43]. Исто така, ниту некое подоцнежно навлегување на Стрез и проширување на неговата власт во полошката област не би можело да се прифати како реално од најмалку три причини. Најпрво, навлегувањето во Македонија во периодот мај-август или есента 1208 година е извршено со поддршка на Србите, но од натамошниот тек на настаните се дознава дека набргу потоа, веќе во почетокот на 1209 година Стрез ги заладил своите односи со српскиот велики жупан. На тој начин, евентуален подоцнежен поход кон Полог во непосредна близина на српската граница, во новонастанатата историска констелација би бил ризичен и во најмала рака лишен од српска воена и логистичка поддршка. Потоа, во тој контекст треба да се погледне и помирувањето на Стрез и Борил, при што, првиот се откажал од претензиите кон бугарскиот трон, а вториот му ги признал на првиот областите во кои тој имал воспоствено власт односно го признал за независен владетел. Токму ова зближување ќе доведе до споменатиот раскин на односите со српскиот жупан Стефан[44]. Исто така, не треба да се превиди насоченоста на Стрез кон југ и неговите интенции за проширување на својата власт за сметка на Солунското кралство, кое нешто ќе го доведе до склучување сојуз со непријателот на Латините, епирскиот владетел Михаил I Ангел и нивни натамошни заеднички акции веќе од првата половина на 1210 година[45].

Во поглед на одредувањето на времетраење на Стрезовата присутност во Полог, и покрај различните мислења во историографијата деталните анализи на податоците понудени во синодалниот протокол No. 94 покажуваат дека неговата власт во Областа[46] се задржала сè до Стрезовата насилна смрт во

[43] К.Аџиевски, Пелагонија, 127-128. Единствените територии кои отпаднале од бугарската држава сосема набргу по смртта на Калојан додека Борил сеуште не бил зацврстен на Трновскиот престол, биле Белградско-браничевската (заземена од Унгарците) и Ниш и Нишката област (завземена од Србите), сп. История на България 3, 148 (Б.Примов). Не може да се прифати мислењето на М.Благојевиќ (Србија у доба Немањића, 61) дека по смртта на Калојан великиот жупан Стефан, покрај Ниш и Нишката област, кон својата држава ги припоил уште и областите во Северна Македонија со Горен и Долен Полог.

[44] Алудирање на овие активности на Стрез има кај: Теодосиј, Живот Светога Саве, 164 ((Стрез б.н.) стана клетвопрестапник); Стефан Првовенчани, Живот Стефана Немање, 64 (се одметна возљубениот); Доментијан, Живот Светога Саве, 104 (се одметна (Стрез б.н.) од него (жупанот Стефан б.н.)). Од литературата, подетално: И.Божилов, Фамилията на Асеневци, бр. 12, 99; Р.Радић, Обласни господари, 227-228; ИСН I, 298 (Б.Ферјанчиќ). Сп. и Е.Савчева, Стрез, 82, која смета дека Стрез, откако ги раскинал односите со српскиот жупан, се приклонил кон Борил.

[45] D.M.Nicol, Despotate, 34; Р.Радић, Обласни господари, 229; К.Аџиевски, Пелагонија, 128. Според П.Мутафчиев (Владѣтелитѣ, 255-256), Е.Савчева (Стрез, 82), И.Божилов (Фамилията на Асеневци, 99) и J.Fine (Late medieval Balkans, 98) воените активности на Стрез и Михаил I Ангел против Солунското кралство започнале во 1209 година.

[46] За присуството на Стрез во Полог, се чини, сведоштво наоѓаме и во микротопонимијата во Областа. Имено, локалитетот кој се наоѓа на околу три километри североисточно од селото

1214 година[47], кога, како дел од антисрпската коалиција[48], се случила негова ликвидација од страна на приврзаниците на српскиот велики жупан[49].

Имено, компарирајќи дел од вестите во третираниов документ со воено-политичката констелација на Балканот и Македонија во средината на втората деценија на XIII век, во науката се правени обидите да се утврди местото каде се одиграл чинот на убиство на Стрез, меѓутоа, поради неодреденоста на податоците во изворниот материјал, ставовите за попрецизна локација се подлежни на релативизација. Така, во основа на утврдувањето на местото каде се одиграла Стрезовата ликвидација лежи недоволно аргументираната констатација дека Полог бил од поодамна во српски раце[50]. Оттука, се претпоставува дека наведената кај Димитриј Хоматијан „наметната власт на Другувитите во Полог" всушност го означувала токму военото навлегување

Јегуновце, каде постојат материјални остатоци, е познат како Стрезово Кале. Истиот се наоѓа на месноста Градиште, која лежи на ридот висок 460 м.н.в десно од реката Вардар при нејзиниот влез во Дервенската Клисура. Според археолошките истражувања на овој локалитет забележани се остатоци од утврдена населба која егзистирала во антиката, римскиот, доцноримскиот-рановизантискиот и средновековниот период (X-XIII век, при што единствен наод од XIII век е една византиска монета-бакарен скифат). Самата тврдина има стратешко значење бидејќи го контролира патот кој од Полог одел за Скопје, а воедно, претставувајќи воен пункт во северниот дел на Полог, ја штити Обласга од упади превземени од север преку Вратничкиот премин. За материјалните докази види: Б.Алексова, Средновековни наоѓалишта, 227-230; И.Микулчиќ, Средновековни градови, 324-326; Археолошка карта II, 422; В.Лилчиќ, Северо-Западна Македонија, 58 (види и стр. 62, 64); Т.Томоски, Градови во Полог, Македонија, 137-139 (истото и во Тетово и Тетовско, 74-76). Од постарата историографска литература спореди: П.Мутафчиевъ, Владѣтелитѣ, 280, кој искажал мислење дека можеби тука се издигала некоја од граничните Стрезови крепости; А.М.Селищев, Полог, 49, 63, 76; Р.М.Грујић, Полошко-Тетовска епархија, 40 и бел. 20.

Со резервираност, каква што има науката кон народните преданија, кон ова ги придодаваме и кажувањата на Ѓорче Петров за легендата според која калето го изградил „Стрезъ војвода", а самиот автор таму регистрирал остатоци од урнатини кои заедно со околните места биле нарекувани „Стрезіо кале", поистоветувајќи го војводата со третираниов од нас Стрез, сп. Материали, 254. Од него преземал и И.Снегаров, Охридската архиепископия I, 254.

[47] Оваа година за Стрезовата смрт во поновата научна литература е широко прифатена (ИМН I, 476-477 (Б.Панов); И.Божилов-В.Гюзелев, Средновековна България I, 474; К.Аџиевски, Пелагонија, 132; Р.Радић, Обласни господари, 234; Ф.Баришић-Б.Ферјанчић, Вести, 54), наспроти размислите дека убиството се случило во 1215 година (К.Јиречек, Историја Срба I, 167; Т.Томоски, Скопје, 60), или пак, дури порано, во 1211/1212 година (за нив види во ИСН I, 299 и бел. 7 (Б.Ферјанчиќ)), кои современата историографија убедливо ги разобличува (сп. Е.Савчева, Стрез, 86; Ф.Баришић-Б.Ферјанчић, Вести, 54 бел. 41).

[48] За дејанијата на здружената бугарско-латинска војска, очекуваната воена поддршка од Стрез, како и активностите на Епирците, подетално кај: Р.Радић, Обласни господари, 233-234; Е.Савчева, Стрез, 84-86; А.Данчева-Василева, България и Латинската империя, 108-109; J.Fine, Late medieval Balkans, 103.

[49] Убиството на Стрез го забележуваат српските житија: Теодосиј, Живот Светога Саве, 168, според кој едно момче по заповед на Сава со нож му го распарало стомакот на Стрез; Стефан Првовенчани, Живот Стефана Немање, 65, забележл дека Св.Симеон го пронизал Стрез, кој умрел со чудна смрт; Доментијан, Живот Светога Саве, 107, посочил дека за смртта на Стрез бил виновен божји ангел кој го прободел со невидливо копје. Во „Житие на кнез Стреган", настанато најверојатно во XVIII век, за смртта на Стрез експлицитно се наведува годината 1215-та, кога Крез (Стрез) бил прободен во стомакот од страна на Сава, сп. П.Мутафчиевъ, Владѣтелитѣ, 270-271.

[50] Ф.Баришић-Б.Ферјанчић, Вести, 54.

[51] Ф.Баришић-Б.Ферјанчић, Вести, 54-55. Исто мислење застапува и J.Fine, Late medieval

на Стрез во Полог во екот на антисрпската коалициона воена кампања, по што, темелено на оваа претпоставка, се изнесува заклучок дека убиството на Стрез се случило во малку пред тоа освоениот од Стрез српски Полог[51].

Но, фразата за „наметнатата власт на Другувитите во Полог" не може да се поистовети со воен поход, бидејќи нејзината суштина претпоставува подолготрајна ситуација, исто онаква каква што била посочената „тиранија на Другувитите" во Верија (Бер). Зачудува како дел од истражувачите во случајот со Верија донесуваат таков заклучок[52], додека пак за состојбата со власта на Другувитите во Полог, истите дошле до спротивна констатација, иако во еден момент, спорејќи со ставот за поистоветување на Хоматијановата „власт на Другувитите" со проширената јурисдикција на Другувитскиот Веријски епископ и во Полог[53], дури наведуваат дека изразите *„ἡ Δρουγουβιτικὴ ἐξουσία"* и *„τῆς Δρουγουβιτῶν τιραννίδος"* означуваат само и единствено политичка сила или власт[54].

Против размислите за Стрезова контрола во Полог само за време на неговиот поход преземен во рамките на посочената антисрпска коалиција во 1214 година говорат и податоците за преземените противправни активности на свештеникот Моше (Мосхо) во времето на власта на Другувитите во Полог, засведочени во посочениот охридски архиепископски синодален акт број 94. Благодарение на истите, дознаваме дека Моше (Мосхо) незаконски ја запоседнал претходно отстапената земјишна парцела. Тој останал уживател на оваа парцела сè до својата смрт, кога истата ја наследил неговиот зет Добре, најверојатно откако се извршила распределба на оставината меѓу роднините на покојниот, по што и тој продолжил да се користи со нејзиниот бенефит, насадувајќи ја со лозје. Информациите од наведениот документ сведочат дека за целото тоа време во Полог постоела (била наметната) власта на Другувитите. Тужбата со која монахот Герасим, во името на својот тест Дража, барал да му се врати земјишната парцела и покрај тоа што Добре веќе бил

Balkans, 103.

[52] Ф.Баришиħ-Б.Ферјанчиħ, Вести, 48.

[53] I.Dujčev, Dragvista-Dragovitia, 219-220, кој не наведува дека ваков став пред него искажал Р.М.Грујиħ, Полошко-Тетовска Епархија, 52-53. Во историографијата постојат различни толкувања на посочениов Хоматијанов екскурс: А.М.Селишчев (Полог, 74) сметал дека се работи за племенска припадност на Положаните кон Другувитите; Р.М.Грујиќ (Полошко-Тетовска Епархија, 52-53), поаѓајќи од изворите кои говорат за еретичка Другувитска црква, заклучил дека станувало збор не за племенска, туку за верска припадност на Положаните кон Другувитите; Д.Драгојловиќ (Еретичката црква, 166), пак, недоволно одредено наведува дека Другувитија ја опфаќала Западна Македонија, а исто така е непрецизен и при лоцирањето на „силата на Другувутите" (б.а.) на среден Вардар, иако се повикува на Хоматијановиот документ во кој се говори за власта на Другувитите во Полог (Д.Д. н.д. 166 бел. 51), за кој е очигледно дека се наоѓа во горното течение на Вардар; М.Бошкоски (Имињата Македонија и Македонци, 146, 149-150) смета дека словенското племе Драгувити во XIII век се распоредило во поголем дел од Македонија, од Бер до Полог и Скопската област. Се чини, најблизу до вистината е мислењето дека станува збор за наметнување на веќе афирмираното народносно име на Другувитите, сп. Т.Томоски, Записи за Другувитите, Македонија, 481-483.

[54] Ф.Баришиħ-Б.Ферјанчиħ, Вести, 48.

[55] Ponemata diaphora, No. 94, 316, 31-32. Р.Радиħ, Обласни господари, 231 бел. 42, иако

насадил дел од неа со лозје, е поднесена дури откако ситуацијата на теренот се изменила, односно набргу откако се воспоставила епирската власт во Областа (Νῦν οὖν τῶν πραγμάτων εἰς τὸ καθεστὸς ἐπανελθόντων, νεύσει Θεοῦ)[55]. Токму поради фактот што се востановила претходно постоечката (византиска) состојба во Полог, власта на Другувитите, односно на Стрез, во Областа, во овој синодален документ била перцепирана како привремена, поточно времено наметната во одреден период независно од нејзината временска должина.

Сознанијата за политичката историја на Полог во првите две децении од XIII век, компарирани со изворните податоци содржени во овој синодален акт ни овозможуваат приближно утврдување на времето на Моше(схо)вата узурпација на оспорената парцела, потоа, фиксирање на времето кога се случило првото парничење меѓу Дража и Моше (Мосхо), како и првичното Моше(схо)во бесправно запоседнување на земјата на Дража. Така, имајќи го во предвид податокот понуден во овој документ за тоа дека вратената парцела Моше (Мосхо) бесправно ја запоседнал во времето кога врз Полог се наметнала власта на Стрез во временскиот интервал мај-есен 1208 година, произлегува дека тој настан се одиграл во крајот на истата или половината од наредната 1209 година. Оваа хронолошка одредница понатаму ни овозможува приближно да го утврдиме и парничењето меѓу Дража и Моше (Мосхо). Имено, согласно изворните информации за тоа дека Моше(схо)вата узурпација на оспорената парцела пред синодалниот суд била извршена по околу три години од донесеното судска одлука (ἔλαβε μετρηθὲν πρὸς ἰσότητα τοῦ οἰκείου καὶ τούτῳ παραδοθέν· ἐνεμήθη δὲ τοῦτο καὶ ἐπὶ τρισὶν ἔτεσιν, πλέον ἢ ἔλαττον), односно во времето кога во Областа својата контрола воспоставил Стрез, произлегува дека првото парничење најверојатно се одиграло пред локалните судски власти околу 1205/1206 година. Посочениве години воедно претставуваат и terminus ante quem за датирањето на првичната Моше(схо)ва узурпација на Дражиновата земја, предмет на првото парничење.

Вестите понудени во овој документ ги посочуваат разните самоволија на свештеникот Моше (Мосхо), кој, злоупотребувајќи ја својата положба на управител (ἐξάρχων)[56] во селото Баница, се стекнувал со противправна персонална имотна корист[57]. Имено, според изворните податоци, спроведувајќи строга власт во селото, Моше (Мосхо) на многумина им нанел неправди (τῇ ἀρχῇ βαρείᾳ χρώμενος καὶ τοὺς ἐκεῖσε κατοίκους πιέζων)[58], вклучително и засведоченото одземање земја на Дража. Неговите незаконски дејанија особено се засилиле

мошне претпазливо, луцидно допушта дека Стрезовата власт во Полог морала да потрае извесно време како би можеле да се одиграат случувањата наведени во имотниот спор понудени во Хоматијановиот акт No. 94.

[56] Изразот „ἐξάρχων“ од П.Ников (Материяли, 8) е преведен како „управляващъ“, кај Ф.Баришиќ-Б.Ферјанчиќ (Вести, 47) „службујући“, Г.Принцинг (Ponemata diaphora, 192*) „vorstand (управител)“. Единствено М.Бошкоски (Имињата Македонија и Македонци, 148) го преведува како „црковна служба“.

[57] Истото го регистрира и Д.Ангелов, Принос, 21, 38. Посочуваме дека авторот, при лоцирањето на селото Баница погрешно наведува постоење на град Горен Полог (н.д. 21).

[58] Ponemata diaphora, No. 94, 316, 16-17.

[59] Моше(схо)вите злоупотреби ги регистрираат и Ф.Баришић-Б.Ферјанчић, Вести, 47-48.

по наметнувањето на власта на Стрез во Полог[59]. Така, ако претходно Моше (Мосхо) со пресуда бил задолжен да му даде за одземената Дражинова парцела друго соодветно парче земја, во посочениов период и тоа што го дал бесправно си го земал назад без да сноси било какви правни консеквенции заради ваквата преземена негова активност. Последново очигледно сведочи за неговата блискост со првите луѓе на локалната власт во Полог во времето на Стрезовата управа со Областа и нивната толерантност кон Моше(схо)вите постапки, дотолку повеќе што посочената парцела тој ја задржал до крајот на својот живот и дури ја оставил во наследство, односно, најверојатно ја дал како мираз на својата ќерка која се омажила за тужениот свештеник Добре.

Ословувањето на Моше (Мосхо) како управител на селото Баница, од една страна, како и информациите за постоење на селани-олицетвотени во ликот на Дража-ситни земјосопственици кои слободно располагаат со своите имоти и имаат полна правна слобода, од друга страна, во научната литература е протолкувано како сведоштво за постоење слободна селска општина. Во неа селаните се управувале од месни лица, во случајов свештеникот Моше (Мосхо), и во финансиско-административен поглед биле директно потчинети на органите на централната власт[60].

Понудените вести за недобронамерните постапки на Моше (Мосхо) и консеквенциите од истите кои првично резултирале со изрекување судска пресуда против ваквите активности, сведочат за постоење на локален судско-административен апарат во Полог, со што, продолжувала византиската правна традиција во Областа[61]. Имено, во три наврати имаме експлицитно наведување на суд и судска парница (*εἰς δικαστήριον τὸν ἀδικήσαντα εἵλκυσε, δίκαιος ἐγνώσθη; τοῖς κεκριμένοις οὐκ ἐφησύχασε; ὅτι ἡ γεγονυῖα κρίσις μέσον τῶν πενθερῶν ἀμφοτέρων*)[62], од каде се согледува постоење на локален суд и судски власти во Полог. Исто така, информацијата дека по донесената пресуда се излегло на терен за да му се даде во замена соодветна парцела на Дража (*ἔλαβε μετρηθὲν πρὸς ἰσότητα τοῦ οἰκείου*)[63], говори за постоењето на административни службеници со катастарски функции кои дејствуваат по наредба на судот, согласно судската одлука.

Во синодалниот протокол No. 94 постојат податоци за стопанската историја кои сведочат за практикување на земјоделие и лозарство во Полог.

---

[60] Д.Ангелов, Принос, 10, 19, 21-22, 39. Авторот, врз база на малубројните свидетелства за зависни луѓе во синодалните акти од Хоматијановата збирка, изнесува констатација дека во првите децении на XIII век слободните селани биле далеку побројни (иако и за нив нема многу сведоштва б.н.) од зависното население (н.д., 34).

[61] Во своите анализи за традицијата на византиското право во Скопската област во XIII век, А.Соловјев (Срби и византиско право, 37-38, 42) изнел претпоставка дека населението кое живеело по градовите било навикнато во брачните, наследните и приватно-правните парници да им се обраќа на византиските судови и да се служат со поими од византиското право во своите социјални и економски односи. Примерот со свештеникот Моше (Мосхо) и Дража од селото Баница во Горен Полог претставува сведоштво дека византиското право било реципирано не само во градските, туку и во руралните области во Северозападна Македонија.

[62] Ponemata diaphora, No. 94, 316: 20-21; 25-26; 37.

[63] Исто, No. 94, 316, 22-23.

[64] Исто, No. 94, 316, 47-48.

Притоа, лозовите насади биле повеќе ценети од земјоделските парцели, така што, кога се имало услови за тоа населението ја засадувало земјата со винова лоза, зголемувајќи ѝ ја на тој начин нејзината вредност. Во посочениов документ на два пати имаме еклатантна потврда за тоа. Така, според понудените изворни вести, откако Моше (Мосхо) одзел парцела земја од Дража, истата ја засадил со винова лоза (*ἀμπελῶνα καταφυτεύσας*). Меѓутоа, согласно донесената пресуда по тужбата на Дража, тој требало да ја врати земјата, но бидејќи веќе ја бил насадил со лозје и со тоа несомнено ѝ ја зголемил цената и очекуваниот бенефит од неа, најверојатно по негов предлог-прифатено од синодалниот суд, било наложено наместо таа парцела да даде друго соодветно парче земјоделска земја (*ἀνθέτερον τόπιον*). Понатаму, Моше (Мосхо) незаконски ја запоседнал и оваа дадена земјишна парцела, а по неговата смрт, добивајќи ја во мираз, зетот Добре постапил исто како што неговиот тест направил со претходно одземената парцела, насадувајќи ја на еден дел со винова лоза (*ἐκ μέρους εἰς τὸ τοιοῦτον τόπιον ἐφύτευσε κλήματα, ὡς ἀρξάμενος ⟨εἰς⟩ ἀμπελῶνα τοῦτο ἀποκαταστῆσαι*)[64]. Но, овој пат синодалниот суд наложил да му се врати на тужителот Герасим токму оспорената земјишна парцела и покрај тоа што Добре на неа веќе бил засадил лозје.